**Врз основа на Одлуката на Управниот одбор на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за давање под закуп на деловниот простор во Штип бр. 02-93/4 од 13.02.2025 година, Одлуката за измена и дополнување бр. 02-165/3 од 25.02.2025 гnодина и Одлуката за дополнување на Одлуката за давање под закуп бр. 02-271/5 од 07.07.2025 година, согласно Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, Акционерското друштво за аеродромски услуги АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, објавува**

# ОБЈАВА бр.01/2025
## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**ШТИП**

**1 ОБЈАВА**

| Р.БР. | ОПШТИНА | ИЛ/КП | ОЗНАКА ЗА АУКЦИЈА | Адреса на недвижниот имот | НИВО | ЛОКАЛ БР. | ПОВРШИНА ($м^2$) | РЕДУЦИРАНА ПОВРШИНА ($м^2$) | ПОЧЕТНА ЦЕНА НА МЕСЕЧНА ЗАКУПНИНА СО ДДВ/ден. | ВКУПНА ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР СО ДДВ ВО ДЕНАРИ | БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДА / ден. | ВРЕМЕ И ДАТА НА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 01 | Штип | ИЛ БР. 32140 КО Штип-5 | 1 | ул. Ванчо Прќе, бр. ББ Штип | Влез ПР | 1 | 180 | | 71.094 | 14.218.707 | 284.374 | **07.08.2025 10:00 часот** |

**ПРЕДЕМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

1. Предмет на електронското јавно наддавање е деловен простор во Штип според податоците дадени во табеларниот преглед кој што се дава под закуп на правни и физички лица (домашни и странски) на определено време **од 10 (десет) години**.

**УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

**1.** Пријава на подносителот, во која се наведени податоци за подносителот на пријавата (име и презиме, односно назив, адреса, контакт телефон).
**2.** Банкарска гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање во износ од **2% од проценета вредност со рок на важност од 60 дена** од денот на јавното наддавање -- (да се наведе реден број од табеларниот преглед и адреса каде се наоѓа деловниот објект).
**3.** Изјава заверена на **НОТАР** дека по било кој основ нема неплатени доспеани обврски спрема АД Аеродроми на Република Северна Македонија.
**4.** Доказ за идентитет

- **за занаетчии:**
  - податоци на понудувачот
  - потврда од регистар на занаетчии
  - решение за обавување на дејност
- **за адвокати, нотари, лекари и други вршители на дејност:**

- податоци на понудувачот
- потврда од соодветен регистар
- потврда за регистрирана дејност

- **за политички партии:**
  - акт за регистрирање на политичката партија
  - ЗП Образец на овластено лице за политичките партии
- **за трговски друштва и трговец-поединец:**
  - Тековна состојба од Централен Регистер на РМ *(не постара од 6 месеци).*

**5.** Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација (*не постара од 6 месеци*)

**6.** Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на дејност (*не постаро од 6 месеци*).

Документите под редните броеви 1, 3, 4, 5 и 6 треба да бидат скенирани во еден ПДФ документ и истиот се прикачува при пријавувањето и тоа во делот ,,Изјава,,.
Банкарската гаранција (документот под реден број 2) се скенира во ПДФ документ и се прикачува при пријавувањето и тоа во делот ,,Банкарска гаранција,,.
**Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.**

## НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Пријавите за учество на јавното наддавање можат да се доставаат во рок од **10 дена** од денот на објавата. Пријавите се поднесуваат на адреса: АД Аеродроми на Република Северна Македонија, ул. “Бојмија” К-2/1 Скопје, по писмен пат и електронски на e-mail: mladen.davidovikj@aero.mk, како и по електронски пат на страната на Министерството за транспорт и врски.

Јавното наддавање ќе се одржи електронски на ден 07.08.2025 во 10:00 часот на следната интернет страна: **www.deloven-prostor.mk**

Почетна цена на јавното наддавање на месечната закупнина со ДДВ изнесува 71.094 денари.

Комисијата во рок од 3 дена ги известува понудувачите кои ги исполнуваат условите за учество и им доставува корисничко име и шифра за учество и дополнителни детали за постапката за јавно наддавање. Истите се рагистрираат на интернет страницата **www.deloven-prostor.mk** На оние понудувачи кои не ги исполниле условите им се доставува известување со образложение зошто нема да учествуваат на јавното наддавање.

По завршување на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач во рок од 5 работни дена се склучува договор за закуп во траење од 10 години и се солемнизира на Нотар на трошок на најповолниот понудувач.

Оваа објава ќе биде објавена на интернет страната: **www.deloven-prostor.mk**

## ОБВРСКИ НА ЗАКУПЕЦОТ

Најповолниот понудувач кој ќе склучи договор за закуп има обврска да вложи минимум 50.000 евра за реновирање на деловниот простор, а ќе биде ослободен од плаќање на закупот во времетраење од 4 (четири) месеци.

Реновирањето опфаќа инвестирање во нов под - плочки, нов алуминиумски излог, електрични инсталации, инсталација за вода, реконструкција на таван и осветлување.

Реновирањето треба да заврши најмногу за 6 (шест) месеци од склучување на договорот.

## НАПОМЕНА

Напоменуваме дека огласот за издавање на деловен простор во Штип, по пат на електронско јавно наддавање објавен од АД Аеродроми на РСМ во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 22.07.2025 (вторник)година е неважечки.

**АД Аеродроми на Република Северна Македонија**